**ЗАПИСНИК**
**од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 07.10.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Милаим Фетаи и д-р Методија Јанчески.

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 36-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека д-р Милаим Фетаи и д-р Методија Јанчески ќе бидат отсутни. По комуникацијата со нив добиени се информации дека тековно имаат online предавања со студенти. Бидејќи има кворум, рече дека Советот може да продолжи со работа и да ја одржи седницата. Во врска со Дневниот ред најави дека Точка бр.1 ќе ја одложи затоа што записникот од технички причини не можеше да се изработи.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.10.2020 година.
2. Предлог-одлука за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер.
3. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски од технички причини го одложи Предлог-записникот од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.10.2020 година. Објасни дека 35-та седница се одржа пред два дена и поради краткиот временски период записникот не можеше да се подготви.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски во моментот ја провери електронската банкарската сметка на Агенцијата и направи screenshot на моменталната состојба. Констатира дека радиодифузерот се уште нема извршено уплата на средства. Согласно одлуката на Советот за донација од март месец оваа година, радиодифузерот беше должен да уплати само ДДВ. Но и покрај рокот за плаќање на фактурата од 30 дена и потоа дополнителниот рок од 15 дена износот од 20.812,00 денари го нема уплатено. Од таа причина согласно Законот се предлага Советот да донесе одлука за одземање на дозвола за телевизиско емитување на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје. Предложи во Заклучокот кој ќе произлезе по седницата, да се предвиди и допис кој веднаш ќе се прати до кабелските оператори со кој ќе се информираат дека дозволата на ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА е одземена и веднаш да го исклучат сигналот на овој радиодифузер. Исто така информира дека следниот чекор на Агенцијата по одземањето на дозволата е да иницира постапка за поврат на донацијата што му беше доделена на медиумот.

Г-дин Петрушевски рече дека состојбата не е едноставна и не станува збор само за 20.812,00 денари. Ова покажува дека радиодифузерот не можел да ги собере овие средства и дека навистина е во лоша состојба. По одземањето на дозволата овој радиодифузер најверојатно ќе се соочи и со дополнителни последици и донацијата која минимум е пет пати поголема од оваа сума на ДДВ ќе мора да ја врати преку судска постапка. Изрази жалење за состојбата со овој медиум и што можеби и наредниот состав на Советот на Агенцијата ќе се занимава со овој предмет. Објасни дека не гледа друг избор освен да се почитува Законот и штета е рече што не нашол некој пријател или донатор да му помогне во целата оваа ситуација. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Трајчевски како информација до Советот објасни дека и минатата година беше истата состојба со овој радиодифузер и исто така се започна постапка за одземање на дозволата затоа што овој радиодифузер 30 дена не емитуваше програма, но во последен момент започна со емитување на програмата и најде финансии преку друга фирма и ги уплати средствата за надоместокот за вршење радиодифузна дејност. За жал, оваа година иако износот е драматично намален и треба да се плати само ДДВ, радиодифузерот и покрај повеќе пати дадените ветувањата дека ќе ја уплати сумата до овој момент тоа не го направи.

Г-дин Фиданоски го праша директорот дали повратот на донацијата ќе се однесува само за 2020 година или ја опфаќа и 2019?

Г-дин Трајчевски појасни дека на радиодифузерот му е доделена една донација. По одземањето на дозволата ќе му се достави фактура која ќе се однесува само на периодот

на работење односно до денот на одземањето на дозволата. Сепак за тоа треба да се разгледаат правните аспекти иако согласно Законот треба да го гони Управата за јавни приходи. Агенцијата ќе иницира постапка но дали УЈП ќе ја продолжи постапката понатаму ќе се види. Ја објасни и ситуацијата со ТВ Морис од Охрид кој прво бараше донацијата да му биде префрлена на друга трансакциска сметка, потоа одби да ја прими донацијата на име на фирма за да некаде во август побара да му биде исплатена на сметка на фирмата за да после 5 дена престане со емитување на програма. Најави дека од 116 радиодифузери само овие два се јавија како проблематични и истите исто така и изминатите години биле проблематични. Иако сумите кои треба да ги уплатат се мали но рече дека нема да се остават така да се однесуваат и да ја злоупотребуваат оваа положба во која се наоѓа целата држава.

Г-дин Петрушевски рече дека директорот го потсетил на една работа за која размислувал пред седницата. Начин како може да му помогнат на овој радиодифузер ако дојде до ова сценарио и ако Законот тоа го овозможува, парите што ќе се бараат од радиодифузерот да бидат само за периодот после одземање на дозволата. Не е сигурен дали е во право и не мора сега да ја носат одлуката како Совет, тоа ќе може да го пресметаат директорот и службата со самото побарување до него ако не се случи некое чудо и попладнево уплати и утре да побара дозволата да му се врати преку суд

Г-дин Трајчевски процедурално рече дека сумата што е за ДДВ Агенцијата ја уплаќа на УЈП, и веќе оваа сума ја има уплатено. Без оглед дали радиодифузерите ќе платат во тие 30 дена Агенцијата како издавач на фактурата има обврска на 25-ти во месецот да го плати ДДВ во целост.

Г-дин Петрушевски рече дека не мислел на ДДВ, туку на сумата за донација оти таа е поголема, дали таа може да се намали?

Г-дин Фиданоски рече нека го коригира директорот ако греши, но во слични ситуации кога не се наплаќал надоместок и се одземала дозволата на радиодифузерот, Агенцијата му издава фактура за наплата до денот до кога ја имал дозволата. И во овој случај смета дека така треба да се постапи затоа што би било неправедно спрема останатите радиодифузери.

Г-дин Трајчевски објасни дека кога ќе дојде периодот за плаќање на надоместокот одреден број на радиодифузери последните години се појавуваат едни исти и веројатно мислат дека на некаков начин ќе успеат да ја изиграат државата односно Агенцијата. Судските постапки се долги но сепак на крај се доаѓа до ситуација дека сите кои имаат долг мора да го платат.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-349 од 15.08.2017 година на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2020-100-0182 (наш арх.бр.05-3039/1 од 27.07.2020 година).

Секторот за правни работи да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија..

Г-дин Петрушевски по гласањето информира дека г-дин Јанчески телефонски му се јавил и го известил дека завршил со одржување на часот. При тоа прашал дали има потреба да се приклучи на седницата и во име на Советот му објаснил дека гласањето е завршено а седницата е пред самиот крај и нема потреба да се приклучува.

**Точка 3**

**Разно**

**Бр.** 02-3730/3
15.10 **2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**